**Национален извештај за имплементација на Архуската Конвенција на Република Македонија**
**Нацрт верзија**
Изготвен врз основа на прашалникот доставен од Секретаријатот на Архуската конвенција до сите членки кои ја потпишале и ратификувале Конвенцијата

**Прашање(а) 1 до 2/Краток опис**

| Референца | зборови | Опис |
|---|---|---|
| Прашање 1 | 750 | Обезбедете кратка информација за процесот подготвување на овој извештај, вклучувајќи и информација за властите кои биле консултирани или придонеле за неговата подготовка, на кој начин е консултирана јавноста и какво е влијанието/дали е земен предвид исходот од консултирањето на јавноста и материалот кој се користел како основа за подготвување на извештајот. |
| Прашање 2 | 750 | Известете за сите околности кои се релевантни за разбирање на извештајот, пр. дали постои федерална и/или децентрализирана структура која донесува одлуки, дали одредбите од Конвенцијата имаат директен ефект врз нејзиното стапување во сила, или дали финансиските ограничувања претставуваат значителна препрека за имплементацијата (опционално). |

**Прашање(а) 3 до 6/Краток опис**

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 3 | 2500 | Објаснете како се имплементирани овие ставови. Конкретно, опишет: (а) Во однос на став 2, мерките преземени за обезбедување на помош и потребното советување/насочување од страна на функционерите и властите; (б) Во однос на став 3, мерките преземени за промовирање на едукацијата и подигнувањето на јавната свест за животната средина; (в) Во однос на став 4, мерките преземени за обезбедување на на соодветно признавање и поддршка за здруженијата, организациите или групите кои ја промовираат заштитата на сивотнмата средина; (г) Во однос на став 7, мерките преземени за промовирање на принципите од Конвенцијата на меѓународно ниво; (д) Во однос на став 8, мерките преземени да обезбедат лицата кои ги користат своите права според Конвенцијата да не бидат казнувани, прогонувани или вознемирувани. |

Согласно обврските кои произлегуваат согласно член 3 од Конвенцијата, Македонија презема мерки од законодавна и регулативна природа со цел да се овозможи информирање на јавноста, учество во процесот на донесување на одлуки и пристап до правда.

Како основна мерка е донесување на Закон со кој се транспонира Директивата 2003/4/ЕС на Европскиот Парламент и Советот за пристап на јавноста до информации од областа на животната средина (со која се укинува Директивата на Советот 90/313/ЕЕС) и Архуската конвенција. Предлогот на законот врши директна имплементација на барањата на Архуската конвенција за пристап до информации за животната средина, учество на јавноста во донесувањето на одлуки и пристап до правдата. Во предлог законот е утврдено дека:

- Секој има право на пристап до информации за животната средина без притоа да мора да го докажува својот интерес;
- Правото на пристап до информации се остварува на начин определен со законот;
- Обврска да обезбедат информации за животната средина имаат сите органи определени со законот;
- Одбивање на барањето да се даде информација може да се направи само во опрделени случаи;
- Органите определени со овој закон имаат обврска да собираат и објавуваат информации за животната средина од делокругот на нивното работење;
- Надоместокот на трошоците за давање на бараната информација ќе бидат во висина која е разумна и не ги надминува реалните трошоци; и
- Незадоволната страна има право на пристап до правдата

**Законските обврски** за пристап до информации за животната средина, учество на јавноста во донесувањето на одлуки и пристап до правдата се содржани и во Законот за отпад, Закон за заштита на природата; Закон за квалитет на амбиентен воздух како и во предлог- законот за води. Сите закони предвидуваат правен основ за практична имплементација и реализација врз основа на подазаконските акти.

Министерството за животна средина и просторно планирање има законска обврска за ширење на информации за животната средина и за обезбедување на полесен пристап до информациите за животната средина кои ги поседуваат другите министерства, единиците на локална самоуправаи другите органи и субјекти (физички и правни лица) кои вршат јавни административни функции, должности активности или услуги поврзани со животната средина, самостојна или под надзор на органите на државна управа.

Во рамките на МЖСПП со одлука на Министерот и со Актот за систематизација на Министерството, овластени за овозможување достапност на информациите од областа на животната средина се назначени Канцеларијата за комуникација со јавноста и Македонскиот информативен центар. Назначувањето на другите субјекти кои поседуваат информации односно треба да поседуваат информации од област на животна средина и како такви се надлежни да ги издаваат, согласно дефиницијата за “власти”, ќе се изврши согласно подзаконскиот акт на Влада за објавувување и одржување листа на субјекти кои поседуваат или за кои се

поседуваат информации кои се однесуваат на животната средина како и видот на информациите кои ги поседуваат.
Предлог Законот утврдува обврска за Министвотото за образование и наука, да води сметка дека секој Наставен план за основно или средно училиште, изготвен од Бирото за развој на образованието, ќе предвиди факултативен или задолжителен предмет за заштитата на животната средина. Согласно предлогот, МЖСПП е должно да им ја даде потребната поддршка на образовните и на научните институции, на стручните организации и на здруженијата на граѓани основани заради промовирање на заштитата на животната средина, како и заради спроведување на образовните активности. Заради реализација на ваквата активност се предвидуваат и економски инструменти. Имено, со Програмата за финансирање на активностите од областа на животната средина, се предвидува намена на средствата и за подршка и унапредување на образованието и јавната свест кај јавноста, едукација и обука на кадри и други работи за заштита и унапредување на животната средина, поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми, проекти и други активности; поддршка на невладини и непрофитабилни организации од областа на животната средина. Владата на Република Македонија и МЖСПП се должни да обезбедат поддршка за публикување на книги и брошури на теми поврзани со заштитата и унапредувањето на животната средина, со цел да се подобрат образовните програми. Единиците на локална самоуправа на своето подрачје, се должни да го потикнуваат развојот на образованието и јавната свест во областа на животната средина.
Предлог законот содржи генерално ограничување според кое носителот на правото на пристап до информациите од областа на животната средина,, носителот на правото за учество во донесување на одлуки, односно носителот на правото за пристап до правда, не може заради реализација на своите права, да бидат парично казнети, судски гонети или загрозувани на било кој друг начин заради својот ангажман.

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 4 | 750 | Опишете ги препреките на кои се наиде при имплементацијата на било кој од ставовите од Член 3 наведени погоре |

Предлог законот за животна средина е во фаза негово донесување, и истиот треба да се усвои од Собранието на Република Македонија до крај на 2004 година, така што примената на одредбите кои се само извршни доследно ќе отпочне да се применуваат со неговото конечно усвојување. Дополнителните активности за реализација на законски утврдените мерки, ќе отпочнат да се реализираат со донесување на релевантните подзаконски акти од оваа област. Дополнителна пречка за реализацијата, е и тековниот процес за децентрализација, така што обврските кои се однесуваат на единиците на локланата самоуправа, ќе отпочнат да се имплементираат во пракса откако ќе се оформат новите Совети и ќе се изврши избор на градоначалниците на локално ниво.
Министерството за животна средина е во процес на реформи на својата внатрешна поставеност која треба да овозможи доследно исполнување на обврските за овозможување на пристап до информации, учество во одлучувањето и одделни аспекти на пристап до Правда.

Ваквата реформа е условена со Реформата на Јавната Администрација која се спроведува на ниво на Влада на Република Македонија, како и со расположивите финансиски и човечки ресурси. Конкретно, проблемите со кои МЖСПП се соочува во процесот на прктична реализација се однесуваат на: недостаток на доволен број човечки ресурси; недостаток на интерес кај граѓаните за учество во процесот на донесување на одлуки; како и недостаток на прирачници за учество на јавноста во процесот.

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 5 | 500 | Обезбедете други информации за практичната примена на општите одредби од Конвенцијата. |

Преку Канцеларијата за комуникација со јавноста се врши практична примена на начелата на Архуската конвенција. Сите информации кои се од витално значење за нормално и здраво живеење, од областа на животната средина, а се во рамките на законските одредби, се дистрибуираат до јавноста. Голем број на граѓани се вклучуваат преку давање на свои предлози и претставки за решавање на некои проблеми од животната средина. Исто така Канцеларијата располага со посебни компјутери наменети за јавноста преку кои заинтересираните граѓани можат да дојдат до корисни и нови информации.
МЖСПП соработката со НВОи кои делуваат во полето на животната средина ја остварува на повеќе начини и тоа: преку финансиска подршка на нивни проекти, преку стручна помош, обезбедување на информации и податоци за нивна потреба. Исто така се врши вклучување на НВОи во работни групи при изготвување на нови законски прописи, програми, политики, проекти и активности.
За подигање на јавната свест  преку ККЈ спроведени се повеќе кампањи на конкретни теми (управување со отпадот, заштита на природата- национални паркови, отстранување на оловото од бензинот, велосипедизам и др), а се организираат и настани за одбележување на деновите од еколошкиот календар.

При спроведувањето на кампањи и голем број други активности како специфична алатка за комуникација и приближување до граѓаните се користи зелениот Еко-караван кој всушност претставува подвижна Канцеларија за комуникација со јавноста, комплетно технички опремена за својата намена.

Еко-караванот патува низ Републиката и преку директни контакти со граѓаните, врши размена на информации и едукација.

Едукацијата и подигањето на јавната свест се остварува и преку соработката со електронските и печатените медиуми. Особено за истакнување се постигнатите резултати од соработката со две детски списанија кои се дистрибуираат низ сите основни училишта во републиката. Преку многубројните одговорите кои пристигнуваат во детските редакии за наградните прашања врзани за објавените теми од областа на животната средина во секој број, може де се измери дека се врши едукација најмалку на 70% од учениците од основните училишта.
Исто така снимени се голем број на едукативни емисии кои се прикажуваат преку електронските медиуми.

| Прашање 6 | 250 | Посочете релевантни web-site адреси, доколку се достапни: |
|---|---|---|

www.moepp.gov.mk
www.moe.gov.mk

**Прашање(а) 7 до 10/Краток опис**

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 7 | 3750 | Објаснете како е имплементиран секој став од Член 4. Опишете го транспонирањето на релевантните дефиниции во Член 2 и барањата за не-дискриминација во Член 3, став 9. Опишете ги посебно и: (а) Во однос на став 1, мерките преземени да обезбедат: (i) Секое лице може да има пристап до информациите без да мора да покаже интерес; (ii) копии од актуелната документација која ги содржи или вклучува бараните информации; (iii) информациите се обезбедуваат во побараната форма; (б) мерките преземени со цел да се почитуваат временските рокови дадени во став 2; (в) Во однос на ставовите 3 и 4, мерките преземени да: (i) обезбедат изземање/ослободување од барањата; (ii) обезбедува примена на тестот за интерес на јавноста даден на крајот од став 4; (г) Во однос на став 5, мерките преземени со цел властите кои не ги поседуваат бараните информации за животната средина да преземаат соодветни активности; (д) Во однос на став 6, мерките преземени со цел спроведување на барањето за издвојување на информациите и нивната достапност; (ѓ) Во однос на став 7, мерките преземени со цел одбивањата да ги исполнуваат временските рокови/ограничувања и останатите барања во однос на одбиените барања; Во однос на став 8, мерките преземени со цел исполнување на барањата за наплата. |

Пердлог законот за животна средина во делот со кој ги регулира значењата на терминате употребени во текстот на законот определува дека:

- **Јавност** е едно или повеќе правни или физички лица и нивните организации и здруженија.
- **Засегната јавност** е јавноста засегната со или што има интерес - во моментот или во иднина - во донесувањето одлуки за животната средина, а тука спаѓаат и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина

Законот определува дека органи и правни и физички лица кои поседуваат или за кои се поседуваат информации за животната средина се:

- органите на државната власт;
- органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје;
- правните и физичките лица на кои, во согласност со законот, им се доверени јавни овластувања, вклучувајќи и специјални должности, активности и услуги во областа на животната средина;

- правните и физичките лица кои, врз основа на закон или договор, вршат дејност или услуга од јавен интерес во областа на животната средина, под надзор на органите или лицата од точка 1,2 и 3 на овој став.

Листата на субјекти кои поседуваат или за кои се поседуваат информации кои се однесуваат на животната средина, како и определување на информациите кои ги поседува секој од наведените органи, се предмет на подзаконски акт. Листата се објавува и редовно се ревидира.Органите од областа на судството и законодавството не спаѓаат во органи и правни и физички лица кои поседуваат или за кои се поседуваат информации за животната средина.

Правото на пристап до информациите за животната средина се остварува во однос на сите информации, во писмена, визуелна, аудио, електронска или на кој било друг начин достапна форма, а кои се однесуваат на:

**1. Состојбата на медиумите и областите на животната средина,** како што се воздухот и атмосферата, водата, почвата, биолошката и пределската разновидност, вклучувајќи ги и генетски модифицираните организми, како и меѓусебната интеракција на овие елементи;

**2. факторите,** како што се материјата, енергијата, нуклеарните горива и нуклеарната енергија, бучавата, радијацијата или отпадот, вклучувајќи го и радиоактивниот отпад, емисиите и другите облици на испуштања во животната средина кои влијаат или би можеле да влијаат на медиумите на животната средина и на здравјето на човекот;

**3. Мерките**, вклучувајќи ги и административните, како што се: политиката, законодавството, плановите, програмите, договорите кои се однесуваат на прашањата поврзани со животната средина, како и активностите кои можат - директно или индиректно - да влијаат врз медиумите и врз факторите на животната средина, како и мерките или активностите за заштита на тие елементи;

**4. Извештаите** за имплементацијата на законите кои се однесуваат на животната средина.

**5. Анализа на трошоците и на придобивките** и другите финансиски и економски анализи и претпоставки кои се користат во рамките на преземените мерки и активности за заштита и за унапредување на животната средина;

**6. Состојбите поврзани со здравјето и со безбедноста на луѓето**, безбедноста на прехранбените производи, условите за живот на луѓето, местата од значење за културата и изградените објекти, во мерка во којашто тие се под влијание или би можеле да бидат под влијание на медиумите на животната средина или преку влијанијата на тие медиуми врз кои било од состојбите на погоренаведените елементи и фактори.

Секој има право, без притоа да мора да го докажува својот интерес, од органите и правните и физичките лица кои поседуваат или за кои се поседуваат информации за животната средина, да бара валидизирани информации и податоци што се однесуваат на животната средина.

Законот се заснова меѓу другото и на начелото на недискриминација. Согласно Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојада на кожата,

националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Барањето за информација за животната средина може да се достави до секој од субјектите кои поседуваат или за кои се поседуваат информации во врска со животната средина, а тие се должни да обезбедат пристап до информациите за животната средина:

1. во најкраток можен рок, но не подоцна од еден месец од денот на приемот на барањето, или

2. најдоцна два месеца по приемот на барањето, доколку обемот и комплексноста на информацијата се такви што периодот од еден месец, наведен во точка 1 на овој став, не е доволен за да се комплетира документацијата. Во таков случај, подносителот на барањето се известува во што е можно пократок рок, а пред истекот на рокот од еден месец, за потребата од продолжување на рокот и се образлагаат причините поради кои е потребно продолжувањето.

Органите и правните и физичките лица кои поседуваат или за кои се поседуваат информации за животната средина се должни на барателот на информација за животната средина, да му достави податоци за местото каде што е извршена постапката на мерење, за методите на анализа, за земањето примероци и за предтретманот на примероците употребени за дооформување на информацијата.
Начинот и постапката на обезбедување пристап до информациите во врска со животната средина ќе биде предмет на подзаконски акт.
Информацијата се доставува во бараната форма, освен ако:

1. бараната информација веќе постои во однапред пропишана форма и е лесно достапна за јавноста, а со тоа и за подносителот на барањето, и
2. поповолно е информацијата да се достави во форма поинаква од бараната, при што органот е должен да донесе решение со коешто се образложува зошто информацијата се доставува во поинаква форма.

Во случаите кога информацијата не може да се достави во бараната форма, се предвидува должност за органите и правните и физичките лица кои поседуваат или за кои се поседуваат информации за животната средина до кои е доставено барањето за информација, во рок од седум дена од приемот на барањето да го извести барателот за причината поради која информацијата се доставува во форма поинаква од бараната.

Барањето за давање информации за животната средина може да се одбие доколку:

- бараната информација ја немаат во посед или не се поседува за нив. Во рок од седум дена од денот на приемот на барањето, субјектот до кој е доставено барањето е должен да го препрати до субјектот кој ја поседува бараната информација, доколку знае кој е тој субјект, и за тоа да го извести барателот или да го извести барателот кој субјект најверојатно ја поседува бараната информација. Во истиот временски рок субјектот е должен да ја обезбеди информацијата којашто ја поседува и да му ја даде на барателот;
- барањето е очигледно неразумно;
- барањето е премногу воопштено. Во овој случај субјектот е должен во рок кој не може да биде пократок од 15 дена од денот на приемот на барањето,

по писмен пат да го поучи барателот за формата, содржината и за обемот на барањето, и

- барањето се однесува на информација којашто се наоѓа во фаза на дооформување или служи за интерни потреби и комуникации. Доколку станува збор за информација што се наоѓа во фаза на изготвување, барателот се известува за тоа кој субјект ја подготвува информацијата и за колку време ќе биде изготвена.

Предлогот предвидува овластување за органите и правните и физички лица кои поседуваат или за кои се поседуваат информации за животната средина да го одбијат барањето за информација доколку нејзиното објавување би имало негативни последици врз:

1. доверливоста на постапките кои ги водат надлежните органи освен доколку барањето се однесува на информациите за испуштањата или за други емисии во животната средина;
2. меѓународните односи, јавната безбедност и одбраната на земјата;
3. судската постапка, правата на правните и на физичките лица на правична судска постапка, како и врз правото да се покрене судска или дисциплинска постапка;
4. доверливоста на трговските или на индустриските информации, во случај кога таквата доверливост е загарантирана со закон, со цел да се заштити легитимниот економски интерес освен доколку барањето се однесува на информациите за испуштањата или за други емисии во животната средина;
5. заштитата на лицата и на доверливоста на личните податоци освен доколку барањето се однесува на информациите за испуштањата или за други емисии во животната средина.
6. заштитата на правата на интелектуална сопственост, освен доколку барањето се однесува на информациите за испуштањата или за други емисии во животната средина.
7. интересите на секое лице коешто ја доставило бараната информација, без каква било обврска истата да ја достави, доколку тоа лице не се согласува со објавувањето на таа информација, освен доколку барањето се однесува на информациите за испуштањата или за други емисии во животната средина.
8. заштитата на одредени диви видови и/или типови живеалишта, освен доколку барањето се однесува на информациите за испуштањата или за други емисии во животната средина.

Во секој од случаите на одбивање на барање за информација органите и правните и физички лица кои поседуваат или за кои се поседуваат информации за животната средина се должни да оценат дали заштитата на јавниот интерес на кој се однесува бараната информација е од поголемо значење од интересот на кој му служи доставувањето на информацијата.

Органите и правните и физички лица кои поседуваат или за кои се поседуваат информации за животната средина се должни да донесат решение за одбивање на барањето, во целост или делумно, односно заклучок во писмена форма кој треба да ги содржи причините за одбивање на барањето, како и поука за можностите за жалба по решението или по заклучокот. Истите се должни да го достават

решението или заклучокот во временските рокови предвидени за издавање на информација.
Против решението или заклучокот барателот има право на жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина, односно до МЖСПП, во зависност од нивото на субјектот кој го донел решението односно заклучокот.
Во врска со надоместокот на трошоците за давање на бараната информација, Предлог законот дава правен основ за утврдување на случаите кога органите и правните и физички лица кои поседуваат или за кои се поседуваат информации за животната средина наплатуваат надоместок на трошоците за обезбедувањето информации, како и случаите во кои граѓаните се изземаат од обврската за плаќање и за висината на надоместокот. Висината на надоместокот, определена со прописот, треба да е разумна и да не ги надминува реалните трошоци направени со цел да се достави бараната информација. Притоа, пребарувањето на регистрите или евиденциите на податоци, како и проверувањето на информациите на местото каде што се чуваат или се одржуваат е бесплатно.

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 8 | 1250 | Опишете ги пререките на кои се наиде при имплементацијата на било кој од ставовите од Член 4. |

Предлог законот за животна средина е во фаза негово донесување, и истиот треба да се усвои од Собранието на Република Македонија до крај на 2004 година, така што примената на одредбите кои се само извршни доследно ќе отпочне да се применуваат со неговото конечно усвојување. Дополнителните активности за реализација на законски утврдените мерки, ќе отпочнат да се реализираат со донесување на релевантните подзаконски акти од оваа област. Дополнителна пречка за реализацијата, е и тековниот процес за децентрализација, така што обврските кои се однесуваат на единиците на локланата самоуправа, ќе отпочнат да се имплементираат во пракса откако ќе се оформат новите Совети и ќе се изврши избор на градоначалниците на локално ниво.
Министерството за животна средина е во процес на реформи на својата внатрешна поставеност која треба да овозможи доследно исполнување на обврските за овозможување на пристап до информации, учество во одлучувањето и одделни аспекти на пристап до Правда.
Ваквата реформа е условена со Реформата на Јавната Администрација која се спроведува на ниво на Влада на Република Македонија, како и со расположивите финансиски и човечки ресурси. Конкретно, проблемите со кои МЖСПП се соочува во процесот на прктична реализација се однесуваат на: недостаток на доволен број човечки ресурси; недостаток на интерес кај граѓаните за учество во процесот на донесување на одлуки; како и недостаток на прирачници за учество на јавноста во процесот.

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 9 | 1000 | Обезбедете понатамошни информации за практичната примена на одредбите за пристап до информации, пр. дали постојат достапни статистички податоци за бројот на барањата, бројот на одбиените барања и причината за истите? |

Во Канцеларијата се врши евиденција на бројот на посети. Сите посети во 2003 година, се табеларно преставени, односно класифицирани, во зависност од типот на информации кои се бараат или во зависност од целната група:

| Ред.број | Целни групи | Вкупно во 2003 |
|---|---|---|
| 1) | посетители - ученици - студенти | 75 |
| 2) | посетители од Невладини организации | 44 |
| 3) | службеници од институции, новинарски куќи | 62 |
| 4) | засегнати граѓани кои пријавуваат конкретни нарушувања на животната средина | 29 |
| 5) | заинтересирани граѓани кои се информираат за функцијата на Канцеларијата и МЖСПП | 22 |
| 6) | информации по електронска пошта | 21 |
| 7) | групни посети на членови на еколошки секции, работилници | 7 |

Канцеларијата континуирано им излегува во пресрет и на заинтересираните граѓани кој по пат на телефонски јавувања известуваат за своите проблеми и истовремено се информираат за можностите за нивно решавање.

Исто така Канцеларијата добива чести телефонски јавувања од страна на новинари кој се интересираат за тековните активности на Министерството.

Табеларниот опис преставува и проценка за успешноста во работата на Канцеларијата, за тоа колку постигнала во подигањето на еколошката свест кај граѓаните, а воедно на која целна група треба да се обрне поголемо внимание.

Според направената евиденција, генерално Канцеларијата ја има постигнато основната цел.

Со преселувањето на Канцеларијата во нови простори и ставање во функција на интернет мрежата за пристап на информации за јавноста, се планира поголема медиумска преставеност на Канцеларијата.

За зголемување на бројот на групните посети во Канцеларијата, треба да се обезбедат поголем број на документарни филмови од обласа на животната средина, едукативни материјали за децата од предшколска и школска возраст, и друг промотивен материјал.

**Напомена:** Во табелата не се наведени телефонски јавувања од страна на новинарите, што спаѓа во секојдневните обврски на Канцеларијата за комуникација со јавност.

Сите барања на информации наведени во табелата се соодветно доставени во бараната форма и во утврдениот рок.

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 10 | 250 | Посочете релевантни web-site адреси, доколку се достапни: |

www.moepp.gov.mk
www.moe.mk

**Прашање(а) 11 до 14/Краток опис**

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 11 | 2500 | Објаснете како е имплементиран секој став од Член 5. Опишете го транспонирањето на релевантните дефиниции во Член 2 и барањето за не-дискриминација во Член 3, став 9. Исто така, конктретно опишете: (а) Во однос на став 1, мерките преземени со цел да: (i) властите поседуваат и ги ажурираат информациите за животната средина; (ii) постои соодветен проток на информации за властите; (iii) во вонредни состојби, соодветните информасии се дисеминираат веднаш и без оодлагање, (б) Во однос на став 2, мерките преземени со цел начинот на кој властите овозможуваат достапност на информациите за животната средина за јавноста да биде транспарентен и пристапот до информациите за животната средина да биде ефикасен; (в) Во однос на став 3, мерките преземени со цел информациите за животната средина прогресивно да стануваат достапни во електронските бази на податоци кои се лесно достапни за јавноста преку јавните телекомуникациски мрежи; (г) Во однос на став 4, мерките преземени за објавување и дисеминација на националните извештаи за состојбите во животната средина; (д) Мерките преземени за дисеминација на информациите наведени во став 5; (ѓ) Во однос на став 6, мерките преземени да ги поттикнат/охрабрат операторите чии активности имаат значително влијание врз животнатра средина редовно да ја информираат јавноста за влијанието на нивните активности и производи врз животната средина; (е) Мерките преземени за објавување и обезбедување/наоѓање на информации како што се бара во став 7; (ж) Во однос на став 8, мерките преземени за развивање на механизми во насока на обезбедување на јавноста да ñ бидат достапни доволно информации за одреден производ; Во однос на став 9, мерките преземени за воспоставување на национален систем на инвентари или регистри на загадувачи. |

Заради управување со податоците за состојбата на животната средина на територијата на Република Македонија, согласно Предлог Законот за животна средина МЖСПП воспоставува Информативен систем за животната средина. Работите на Информативниот систем ги врши Македонскиот информативен центар за животна средина, во состав на МЖСПП. Информативниот систем се воспоставува и се организира на начин што обезбедува база на релевантни податоци - сеопфатни, точни и јавно достапни информации за состојбата на природата, состојбата и квалитетот на медиумите на животната средина и другите области од животната средина, бучавата, јонизирачкото и нејонизирачкото

зрачење, вклучувајќи го и електромагнетното зрачење, како и предвидувања со употреба на техниките за моделирање. Информативниот систем опфаќа систематизирање, складирање и искористување на податоците добиени од државната мрежа за мониторинг, локалната мрежа за мониторинг, од мониторингот кој го вршат операторите, а за тоа се обврзани со закон, на одделните медиуми и области на животната средина и податоците од Регистрите на загадувачки материи и супстанци, односно податоците од Катастрите на загадувачи на животната средина.

Начинот и постапката за систематизирање, складирање и искористување на податоците ќе биде предмет на подзаконски акт.

Сопствениците, односно корисниците на инсталации кои се извор на емисија и загадуваат еден или повеќе медиуми и области на животната средина се должни, во согласност со посебниот закон (за води, за отпад, за квалитет на амбиентниот воздух), да вршат мониторинг на изворите на емисија, со користење на уреди и инструменти одобрени во постапката за верификација на мерилата, утврдена со закон, како и да ги одржуваат уредите и инструмените за мониторинг во исправна состојба. ) Сопствениците, односно корисниците на инсталации кои се извор на емисија и загадуваат еден или повеќе медиуми и области на животната средина се должни : редовно да ги следат емисиите (преку мерење на емисиите, односно пресметување и проценка на количествата емисии) од изворот на загадувањето, на начин што е предвиден со посебниот закон; редовно да ги следат имисиите во непосредна близина на изворите на емисиите определени со посебниот закон или прописот донесен врз основа на тој закон и на начин утврден во интегрираната еколошка дозвола; и податоците од редовните следења на емисиите од изворот на загадувањето еднаш месечно, најкасно секој петти во тековниот месец, да ги доставуваат до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. На барање на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, Сопствениците, односно корисниците на инсталации кои се извор на емисија и загадуваат еден или повеќе медиуми и области на животната средина се должни да ги достават податоците во рок пократок.

МЖСПП воспоставува и одржува Регистар на загадувачки материи и супстанции и на нивните карактеристики. Формата, содржината, методологијата и начинот на водењето на Регистароте предмет на подзаконски акт. Единиците на локална самоуправа, за своите подрачја, можат да воспостават и одржуваат Регистар на загадувачки материи и супстанции и на нивните карактеристики. Овие податоци се доставуваат до МЖСПП.

МЖСПП го воспоставува и го одржува единствениот Катастар за животната средина, кој ги вклучува Катастарот на загадувачите на воздухот, водите и на почвата, бучавата, Катастарот на создавачите на отпад, Катастарот на заштитените подрачја и другите катастри утврдени со посебните закони. Катастарот содржи податоци за активностите и за инсталации кои ја загрозуваат или можат да ја загрозат животната средина, особено податоци за:

- името на операторот и адресата на локацијата на инсталација;
- краток опис на активностите и на техничкиот процес;

- значајни податоци кои се однесуваат на емисиите, опасните супстанции присутни во постројките, создавањето отпад, користењето на природните богатствате и на енергијата;
- издавањето дозволи, промените и сл;
- за контролата што се врши, за значајните резултати и за преземените мерки.

Правните и физичките лица се должни да доставуваат податоци за одржувањето на соодветните катастри, на начин определен со посебните закони и прописите донесени врз основа на тие закони, и во согласност со издадените интегрирани еколошки дозволи.

Единиците на локална самоуправа , за своите подрачја, можат да воспостават и одржуваат Катастар за животната средина. И ваквите податоци се доставуваат до МЖСПП.

МЖСПП, во соработка со другите органи на државната управа, на секои три години подготвува Извештај за состојбата на животната средина во Република Македонија. Ваквиот извештај е достапен на интернет страницата на МЖСПП.

Во зависност од нивната функција, субјектиите се должни, информациите за животната средина со кои располагаат или кои други ги чуваат во нивно име, да се шират, да í бидат достапни на јавноста и да се одржуваат, во форми и во формати кои можат лесно да се репродуцираат и да бидат достапни преку компјутерските мрежи за комуникација. Истотака, тие се должни да овозможат учество на јавноста во текот на изготвувањето на закони, прописи и други правни акти.

Во случај на непосредна опасност за животот или за здравјето на луѓето или на животната средина, предизвикана од активноста на човекот или од влијанието на природата, надлежниот орган е должен, без одлагање, да ги објави сите информации кои ги има или што други ги чуваат во негово име, со цел да í се овозможи на јавноста да преземе мерки за спречување или за ублажување на штетата што би можела да настане.

МЖСПП се грижи за ширење на информации за животната средина и за обезбедување на полесен пристап до информациите за животната средина кои ги поседуваат другите министерства, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и другите органи и субјекти.

Правото на пристап до информациите за животната средина се остварува во однос на сите информации, во писмена, визуелна, аудио, електронска или на кој било друг начин достапна форма, а кои се однесуваат на:

**1. Состојбата на медиумите и областите на животната средина,** како што се воздухот и атмосферата, водата, почвата, биолошката и пределската разновидност, вклучувајќи ги и генетски модифицираните организми, како и меѓусебната интеракција на овие елементи;

**2. факторите,** како што се материјата, енергијата, нуклеарните горива и нуклеарната енергија, бучавата, радијацијата или отпадот, вклучувајќи го и радиоактивниот отпад, емисиите и другите облици на испуштања во животната средина кои влијаат или би можеле да влијаат на медиумите на животната средина и на здравјето на човекот;

**3. Мерките**, вклучувајќи ги и административните, како што се: политиката, законодавството, плановите, програмите, договорите кои се однесуваат на

прашањата поврзани со животната средина, како и активностите кои можат - директно или индиректно - да влијаат врз медиумите и врз факторите на животната средина, како и мерките или активностите за заштита на тие елементи;

**4. Извештаите** за имплементацијата на законите кои се однесуваат на животната средина.

**5. Анализа на трошоците и на придобивките** и другите финансиски и економски анализи и претпоставки кои се користат во рамките на преземените мерки и активности за заштита и за унапредување на животната средина;

**6. Состојбите поврзани со здравјето и со безбедноста на луѓето**, безбедноста на прехранбените производи, условите за живот на луѓето, местата од значење за културата и изградените објекти, во мерка во којашто тие се под влијание или би можеле да бидат под влијание на медиумите на животната средина или преку влијанијата на тие медиуми врз кои било од состојбите на погоренаведените елементи и фактори

Согласно Правилникот за систематизација на Министерството за животна средина и просторно планирање, и одлуката бр. ___/__, донесена од Министеррот за животна средина, Канцеларијата за комуникација со јавноста е надлежна за комуникација со јавноста и за активно и пасивно издавање (дисминација) на податоци и информации од обаста на животната средина. Заради овозможување на полесен пристап до информациите, ККЈ е сместена во централното градско подрачје.

Законот се заснова меѓудругото и на начелото на недискриминација. Согласно Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и бравата, независно од полот, расата, бојада на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 12 | 1250 | Опишете ги препреките на кои се наиде при имплементацијата на било кој од ставовите од Член 5. |

- Законот за животна средина е во собраниска процедура заради конечно усвојување на текстот на законот;
- Подзаконските акти треба да се донесат;
- треба да се воспоставаат катастри и регистри предвидени со законот за животна средина и посебните закони за животна средина;
- да се доврши процесот на децентрализација и да се создадат капацитети на локално ниво способни да управуваат со податоците и информациите од областа на животната средина
- да се создадат капацитети со цел правото на пристап до информациите за животната средина да се остварува во однос на сите информации, во писмена, визуелна, аудио, електронска или на кој било друг начин достапна форма

- недостаток на финансики ресурси потребни заради дисиминација на податоци и информации, отварање и опремување на информативни пунктови,
- реформата во јавната администрација и намалување на расположивите човечки ресурси

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 13 | 1000 | Обезбедете понатамошни информации за практичната примена на одредбите за собирање и дисеминација на информации за животната средина во Член 5, пр. дали постојат достапни статистички податоци за објавените информации? |

Развојот на Информацискиот систем за животна средина е започнат со Проектот РЕРеП 1.8 (Развој на Национални информациски системи за животна средина во земјите од Југоисточна Европа). Сепак, поради ограничените ресурси, само еден дел од системот е развиен. Во моментов, истиот е во фаза на конфигурирање/параметрирање и внесување (импортирање) на стари податоци. Останатите делови од системот ќе треба да се развијат дополнително. Овие делови - фази на развој се дадени во Планот чекор-по-чекор кој е дел на Стратегијата за управување со податоци изготвена во рамките на Проектот „Институционално зајакнување на капацитетот на МЖСПП - СОП 99ж„. Планот опфаќа краткорочни, среднорочни и долгорочни технички чекори кои треба да се превземат за дооформување на системот. Дел од краткорочните активности се планирани во Европското партнерство.

Соработката помеѓу МЗ и МЖСПП е од основно значење за правилното конципирање и спроведување на политиката за односот животна средина - здравјето на луѓето. Министерството за здравство преку Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Републичкиот завод за здравствена заштита учествува во следењето на загадувањето на животната средина, односно во мониторингот на загадувањето на воздухот, водата, прехранбените продукти, во мониторингот и заштитата на популацијата од штетните ефекти на гасовите, јонизирачкото зрачење, бучава и надзор на хигиено-епидемиолошката состојба на населението. Јавните здравствени организации кои се вклучени во мониторингот се обврзани да доставуваат редовно податоци до МЖСПП.

Во Републичкиот завод за здравствена заштита и 10 регионални заводи за здравствена заштита, постојат служби за хигиена и здравствена екологија кои имаат воспоставен мониторинг за следење на загаденоста на воздухот, здравствената исправност на водата за пиење и површинските води. Овие активности се одвиваат по усогласена методологија и динамика во согласност со постојната регулатива, а во форма на програмски задачи.

Регионалните заводи ги обработуваат и ги доставуваат податоците од мониторингот на воздухот, водата за пиење и површинските во вид на шест месечни и годишни извештаи до РЗЗЗ. Исто така во вид на месечни извештаи ги доставуваат до МЖСПП. РЗЗЗ на почетокот од секоја година изготвува збирен годишен извештај за изминатата година, во кој се обработени и презентирани сите податоци од областа на загадувањето на животната средина и здравјето на луѓето кои се изложени. Годишните извештаи се достапни за останатите државни органи и служби кои се вклучени во контролата на загадувањето на животната средина (МЗ, МЖЦПП, МЗШВ) а исто така и на јавноста.

Сегашниот систем за мониторинг на животната средина не може да ја дефинира врската меѓу условите во животната средина и ефектите врз здравјето на луѓето. Потребни се дополнителни докази за ефектите врз здравјето на луѓето. Иако располагаме со точни податоци за здравствените ефекти кај изложената популација во некои "жешки точки", сеуште недостигаат податоци за некои други критични области во Републиката.

Во соработката која постои меѓу МЖСПП и МЗ, која се отсликува во подготовката на Националниот Здравствено Еколошки Акционен План од 1999 година, Environmental Performance Review од 2002 година и CARDS проектите, препознаена е потребата за воспоставување на интегрален информативен систем за здравствена екологија кој ќе воспостави врска меѓу загадувањето на животната средина, изложеноста на луѓето и негативните здравствени ефекти.

МЖСПП има обврски да ги известува меѓународните органи: ЕЕА, УНЕЦЕ, ЕУРОСТАТ и WHO. Обврските за известување, како национални така и меѓународни, ги извршува МИЦЖС:

- Врз основа на обработените податоци, МИЦЖС исто така подготвува месечни и годишни извештаи. Печатените извештаи се доставуваат до релевантните институции. Официјалните/званичните извештаи се достапни за различни заинтересирани страни и јавноста во Канцеларијата за Комуникација со Јавноста (ККЈ) и на веб страната на министерството.
- Голем дел од информациите се објавуваат на web страната на МЖСПП: податоци за аерозагадување, извештај за состојбата на животната средина, итн.
- МИЦЖС редовно испраќа годишни извештаи до ЕЕА и УНЕЦЕ. ДЕМ се користи за усогласување/синхронизација на податоците за аерозагадувањето со ЕЕА. Овие податоци се достапни во AirBase, која претставува информативен систем за квалитет на воздух на ЕЕА.
- ЕИОНЕТ (CIRCA) се користи за размена на информации со ЕЕА. CIRCA е интранет алатка, развиена според програмата IDA на Европската Комисија, и прилагодена на потребите на јавната администрација. Таа и

овозможува на одредена заедница (пр. комитет, работна група, проектна група итн.) географски да се шири низ Европа со цел да се одржи/зачува приватниот простор на Интернет, каде тие ќе можат да разменуваат информации, документи, да учествуваат во дискусии и разни други можности. МИЦЖС се обидува да го претстави Македонскиот ЕИОНЕТ ноде - јазол како општа информативна алатка за размена со сите институции, НВОи, заинтересирани страни, итн.

- Извештајот за состојбата со животната средина (State of Environment Report - SoER) е направен во МИЦЖС. Досега се направени три извештаи. Овие извештаи постојат само во електронска форма и се достапни на web страната на МЖСПП. Според препораките на ЕЕА, како и според Предлог Законот за животна средина (член 45 став 1) СоЕР извештаите треба да се изготвуваат секои 3 години.
- Извештаите до ЕУРОСТАТ и WHO се испраќаат на барање - овие извештаи се прават врз основа на Прашалници.
- Прашалниците кои потекнуваат од Конвенцијата за заштита и користење на прекугранични водни текови и меѓународни езера (Хелсинки) се обработуваат како подготвителна активитност за ратификација.

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 14 | 250 | Посочете релевантни web-site адреси, доколку се достапни: |

www.moepp.gov.mk
www.moe.gov.mk

**Прашање(а) 15 до 18/Краток опис**

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 15 | 3750 | Објаснете како е имплементиран секој став од Член 6. Опишете го транспонирањето на релевантните дефиниции во Член 2 и барањето за не-дискриминација во Член 3, став 9. Исто така, конкретно опишете: (а) Во однос на став 1, мерките преземени со цел: (i) Одредбите од Член 6 да се применуваат во однос на одлуките дали да се дозволат предложените активности наведени во Анекс I од Конвенцијата; (ii) Одредбите од Член 6 се применуваат на одлуките за предложените активности што не се наведени во Анекс I, а кои може да имаат значително влијание врз животната средина; (б) Мерките преземени со цел засегнатата јавност на почетокот на процедурата за донесување одлуки поврзани со животната средина, да биде информирана на соодветен, навремен и ефикасен начин, за прашањата/темите наведени во став 2; (в) Мерките преземени со цел временските рокови за процедуритре за учество на јавноста да ги исполнуваат барањата од став 3; (г) Во однос на став 4, Мерките преземени со цел рано вклучување/учество на јавноста; (д) Во |

| | | |
|---|---|---|
| | | однос на став 5, мерките преземени да ги поттикнат/охрабрат перспективните апликанти за идентификација на јавноста (која е засегната), да влегуваат во дискусии, и да обезбедуваат информации во однос на целите за нивно аплицирање пред аплицирањето за дозвола/одобрение; (ѓ) Во однос на став 6, мерките преземени да обезбедат: (i) Компетентните власти ñ ги даваат на засегнатата јавност сите информации релевантни за процесот на донесување одлуки наведен во Член 6 кои се достапни во периодот на спроведувањето на процедурата за учество на јавноста; (ii) Конкретно, компетентните власти ñ ги даваат на засегнатата јавност информациите наведени во овој став; (е) Во однос на став 7, мерките преземени со цел процедурите за учество на јавноста да ñ дозволуваат на јавноста да поднесува/дава коментари, информации, анализи или мислења кои ги смета за релевантни за предложената активност; (ж) Во однос на став 8, мерките преземени со цел при донесувањето на одлуката да се води сметка за исходот од учеството на јавноста; (з) Во однос на став 9, мерките преземени со цел јавноста да биде брзо/точно информирана за одлуката во согласност со соодветните процедури; (s) Во однос на став 10, мерките преземени со цел кога властите ги разгледуваат или ажурираат оперативните услови за активноста наведена во став 1, да се применуваат одредбите од ставовите 2 до 9 за да се направат неопходните промени, и онаму каде што е потребно/соодветно; (i) Во однос на став 11, мерките преземени за примена на одредбите од Член 6 на одлуката дали да се дозволи намерно ослободување на делиберате релеасе оф генетски модифицирани организми во животната средина; |

Предмет на оцената на влијанијата врз животната средина се проектите кои поради нивниот карактер, обем или локацијата на којашто се изведуваат можат да имаат значително влијание врз животната средина.

Оцената се врши задолжително, врз основа на критериуми со кои се утврдува потребата од оценување на влијанието врз животната средина, како и врз други, генерално определени, проекти, кои би можеле да имаат значително влијание врз животната средина. Потребата од оценување на влијанието врз животната средина се утврдува со испитување на секој одделен случај, врз основа на карактерот, големината и локацијата согласно пропишаните критериуми, а имајќи ги предвид најновите научни и технички сознанија и решенијата во прописите со кои се определуваат најниските граници на испуштањата во животната средина.

Оценувањето се врши преку определување, опис и проценка на влијанијата кои ги има или би можел да ги има определениот проект во текот на неговата изведба, работење и престанок со работа врз:

- луѓето и биолошката разновидност;
- почвата, водата, воздухот и другите природни богатства како и климата;
- историското и културното наследство, како и врз
- меѓусебните влијанија на елементите

Инвеститорите чии активности или активности не спаѓаат во проектите за кои, не се спроведува постапка за оцена на влијанијата врз животната средина ниту се спроведува постапка за издавање на А или Б интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување, се должни да изготват елаборат за влијанието врз животната средина на проектите или активностите и истиот да го поднесат до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. За проектите за кои не се врши оцена на влијанието врз животната средина, Владата на Република Македонија е должна:

- на соодветен начин да ја извести јавноста и да ја образложи одлуката да не се оценува влијанието врз животната средина;
- да ја информира засегнатата јавност за сознанијата добиени со алтернативните методи за оценување.

МЖСПП има обврска да:

1. го огласи известувањето за намерата на инвеститорот за изведување на проект, и тоа во два национални дневни весника и на Интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
2. го огласи решението за утврдување на потребата од оцена на влијанието врз животната средина, и тоа во два национални дневни весника, на Интернет страницата, како и на огласната табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
3. објави дека студијата за оцена на влијанието врз животната средина од е подготвена и достапна за јавноста во два национални дневни весника, на локалната радио и ТВ-станица, а нетехничкиот извештај се објавува на Интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
4. да го објави извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина, и тоа во два национални весници и на интернет страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
5. го објави решението за одобрување или за неодобрување на реализација на проектот во два национални дневни весника, на Интернет страницата, како и на огласната табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
6. го објави местото и времето на одржување на јавната расправа по однос на студијата за оцена на влијанијата врз животната средина и да обезбеди достапност на информациите кои ѝ се потребни на јавноста за учество во јавната расправа, во два национални дневни весника и на локалната радио и ТВ-станица;

По барање на странска држава, информациите од точките 2, 3, 4 и 5 , се достапни за надлежните органи на странската држава, во согласност со утвредата постапката.

Како ден кога е објавена информацијата се смета денот на последното објавување на информацијата. Содржината на објавата на документите како и начинот на консултирање со јавноста ќе бидат предмет на подзаконски акт.

Предлог законот предвидува и дека во рок од седум дена од денот на приемот на барањето за издавање на интегрирана еколошка дозвола, МЖСПП е должно да го објави барањето во два дневни весника кои се достапни на целата територија на Република Македонија и на својата Интернет страница, како и во рок од 15 дена од објавувањето на барањето, да í обезбеди на јавноста пристап до достапните информации потребни за оформување на мислењата и на ставовите, во согласност со одредбите од овој закон. Секое лице, органите на државната власт, како и општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, можат да го достават своето мислење, во писмена форма, до МЖСПП во рок од 30 дена од денот на објавувањето на студијата за оцена на влијанието врз животната средина. МЖСПП е должно да ги земе во предвид мислењата при издавање на дозволата.
Во рок од 30 дена од објавувањето на барањетомза издавање на интегрирана дозвола, засегнатата јавност може да ги достави своите мислења и ставови во писмена форма.

При изготвувањето на А-интегрираната еколошка дозвола, МЖСПП е должно во образложението на А-интегрираната еколошка дозвола да наведе кои од мислењата и ставовите доставени од јавноста се земени предвид, а кои не се, како и причините за тоа. На барање на засегната јавност инвеститорот е должен да организира јавна расправа во рок од 10 дена. Условите и начинот на одржување на јавната расправа и консултации со јавноста ќе биде предмет на подзаконски акт. МЖСПП ги информира општините или градот Скопје за обврската на инвеститорот да организира јавна расправа по барање на засегнатата јавност.

Законот се заснова меѓудругото и на начелото на недискриминација. Согласно Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и бравата, независно од полот, расата, бојада на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 16 | 1250 | Опишете ги препреките на кои се наиде при имплементацијата на било кој од ставовите од Член 6. |

- Законот за животна средина е во собраниска процедура заради конечно усвојување на текстот на законот;
- Подзаконските акти треба да се донесат

Потребни финансиски ресурси и градење на капацитети на сите релевантни субјекти во процесот

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 17 | 1000 | Обезбедете понатамошни информации за практичната примена на одредбите за учество на јавноста во одлучувањето за посебните активности од Член 6, пр. дали постојат достапни статистички податоци или други информации за учество на јавноста во |

| | | |
|---|---|---|
| | | одлучувањето за посебните активности или во одлучувањето за непримена на одредбите од овој Член на предложените активности кои служат за целите на националната одбрана. |

Во позитивното право за животна средина и вршење на активностите кои имаат влијание врз животната средина, постоеше одредба според која МЖСПП врши оценка на влијанието врз животната средина. Ваквата надлежност, особено во поглед на учество на јавноста, не можеше доследно да се спроведе со оглед на тоа што не постоеше правна основа со кое таквата обврска е утврдена. Сепак, согласно Законот за градба, постоеше обврска согласно која Министерствот за транспорт и врски ја консултира јавноста. Ваквата обврска се однесуваше единствено на активности и проекти кои вклучуваат и изградба на објект, но не и други активности.

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 18 | 250 | Посочете релевантни web-site адреси, доколку се достапни: |

www.moepp.gov.mk
www.moe.gov.mk

**Прашање(а) 19 до 23/Краток опис**

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 19 | 1250 | Наведете ги соодветните практични и/или други одредби наменети за јавноста да учествува во подготвувањето на плановите и програмите поврзани со животната средина. Опишете го транспонирањето на релевантните дефиниции во Член 2 и барањата за  не-дискриминација во Член 3, став 9. |

Со Предлог законот, се утврдува обврската за вклучување на јавноста при донесување на програмските и планските документи од областа на животната средина. Учеството на јавноста во подготовката и донесувањето на Националниот акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животна средина се одвива на начин и под услови определени со член 69 на овој закон.

Правото на пристап до информациите за животната средина се остварува во однос на сите информации, во писмена, визуелна, аудио, електронска или на кој било друг начин достапна форма, а кои  се однесуваат на мерките, вклучувајќи ги и административните, како што се: политиката, законодавството, плановите, програмите, договорите кои се однесуваат на прашањата поврзани со животната средина, како и активностите кои можат - директно или индиректно - да влијаат врз медиумите и врз факторите на животната средина, како и мерките или активностите за заштита на тие елементи.

Условите, начинот и постапката за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти од областа на животната средина ќе бидат предмет на подзаконски акт.

Пред започнување на постапката за усвојување на планскиот документ и во рок од пет дена од комплетирањето на извештајот за животната средина, органот кој го подготвува планскиот документ, објавува информации кои се однесуваат на нацрт-планскиот документ и извештајот за животната средина, местото каде може да се разгледа нацрт-планскиот документ заедно со информација за постапката за учество на јавноста. Органот е должен истовремено нацрт планскиот документ и извештајот за животна средина да го достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Органот на државната управа надлжен за работите од областа на животната средина, и органите засегнати од имплементацијата на планските документи, правните и физички лица и јавноста можат да го изразат своето мислење во врска со нацртот на планскиот документ и извештајот за животната средина, до органот кој го подготвува планскиот документ, во рок од 30 дена од денот на доставувањето односно објавувањето на информациите во врска со нив. Органот е должен да ги земе во предвид во изработката на планскиот документ мислењата добиени во врска со нацртот на планскиот документ и извештајот за животната средина за што подготвува посебен извештај.

Начинот на објавување на информациите и учеството на јавноста и начинот на подготвувањето на извештајот ќе бидат предмет на подзаконски акт.

Законот се заснова меѓудругото и на начелото на недискриминација. Согласно Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и бравата, независно од полот, расата, бојада на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 20 | 750 | Објаснете какви можности постојат за учество на јавноста во подготвување на политиките кои се однесуваат на животната средина. |

Органот на државната управа надлжен за работите од областа на животната средина, и органите засегнати од имплементацијата на планските документи, правните и физички лица и јавноста можат да го изразат своето мислење во врска со нацртот на планскиот документ и извештајот за животната средина, до органот кој го подготвува планскиот документ, во рок од 30 дена од денот на доставувањето односно објавувањето на информациите во врска со нив. Органот е должен да ги земе во предвид во изработката на планскиот документ мислењата добиени во врска со нацртот на планскиот документ и извештајот за животната средина за што подготвува посебен извештај.

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 21 | 750 | Опишете ги препреките на кои се наиде при имплементацијата на Член 7. |

- Законот за животна средина е во собраниска процедура заради конечно усвојување на текстот на законот;

- Подзаконските акти треба да се донесат
- Потребни финансиски ресурси и градење на капацитети на сите релевантни субјекти во процесот
- Изготвување на статегиски, плански и програмски документи

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 22 | 500 | Обезбедете понатамошни информации за практичната примена на одредбите за учество на јавноста во одлучувањето за посебните активности од Член 7. |

Учеството на јавноста при изготвувањето на планските документи е јасно и недвосмислено утврдено со повеќе законски акти и во поглед на сите стратешки, плански и програмски документи (Просторен План на Република Македонија, Водостопанска основа на Република Македонија, Стратегија за економски развој, НЕАП, ЛЕАП, Визија 2004, План за исфрлање на оловото од бензините и други). Овие документи е законски определено дека се донесуваат во две фази: нацрт и предлог фаза. Нацртите на документите се објавуваат и се организира јава и стручна расправа околу нивната содржина. Мислењата, забелешките и сугестиите добиени од расправата задолжително се земаат во предвид при доформувањето на текстот на документот, кој како Предлог се доставува за конечно усвојување.

Во последниот период се реализираа неколку такви активности:

- за отстранување на оловото од бензинот. Овој промотивен концепт ги вклуи главните заинтересирани страни во таа сфера, конкретно, компаниите за дистрибуција и производство на бензин, Министерството за економија, и здружението на возачите. Со слоганот "Безоловен бензин - вистински избор" (Unleaded petrol – the right choice), се спроведе комуникациски микс, вклучувајќи спотови на приватните и државните телевизии, печатени материјали како постери, летоци и брошури, како и промотивен караван низ цела Македонија (Еко-караван). Понатаму се формираше заеднички сојуз помеѓу индустријата, универзитетот, невладиниот сектор и медиуите кои се вклучени во активностите за отворањето телефонска линија за прашања во врска со БОБ во соработка со Машинскиот Факултет, од една страна, како и владините институции (МЖСПП, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски) од друга страна. Различни медиуми ја подржаа оваа кампања. МЖСПП организираше активности за обука за таканаречените мултипликатори на клучните пораки на кампањата. Исто така, Еко-караванот ги посети најголемите градови од цела Македонија и ја информираше поширoката јавност за можноста за употреба на безоловен бензин наместо оловниот бензин. Главната цел на кампањата беше да се зголеми употребата на безоловно гориво за сметка на горивото што содржи олово.
- за подигање на свеста за возење велосипеди во Скопје. Во еден заеднички напор на општина Скопје и МЖСПП, беше организирана координативна конференција за промовирање на Основниот планот и безбедноста во сообраќајот вклучувајќи го и пилот-делот. За запознавање на граѓаните на град Скопје со овој Основен план и за лобирање за неговата понатамошна имплементација, проектот организираше јавен настан, вклучувајќи и

координативна конференција со учество на урбанисти од други градови и една изложба на Основниот план

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 23 | 250 | Посочете релевантни web-site адреси, доколку се достапни: |

www.moepp.gov.mk
www.moe.gov.mk

### Прашање(а) 24 до 27/Краток опис

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 24 | 1500 | Опишете ги напорите направени за промовирање на ефикасно учество на јавноста за време на подготвувањето од страна на властите на извршните правила/одредби и останатите општо применливи законски обврзувачки правила кои може да имаат значителен ефект врз животната средина. До одредена мерка, опишете го транспонирањето на релевантните дефиниции во Член 2 и барањата за не-дискриминација во Член 3, став 9. |

Согласно предлог законот условите, начинот и постапката за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти од областа на животната средина ќе бидат предмет на подзаконски акт, со кој меѓу другото ќе бидат точно утврдени:

- динамиките и роковите доволни за ефикасно учество ;
- начин на објавување на нацрт- правилата и можноста јавноста истиот да го коментира

Резултатот од учеството на јавноста ќе се земе во предвид при изготвување на Предлог на документот.

Правото на пристап до информациите за животната средина се остварува во однос на сите информации, во писмена, визуелна, аудио, електронска или на кој било друг начин достапна форма, а кои се однесуваат на: мерките, вклучувајќи ги и административните, како што се: политиката, законодавството, плановите, програмите, договорите кои се однесуваат на прашањата поврзани со животната средина, како и активностите кои можат - директно или индиректно - да влијаат врз медиумите и врз факторите на животната средина, како и мерките или активностите за заштита на тие елементи; извештаите за имплементацијата на законите кои се однесуваат на животната средина; анализа на трошоците и на придобивките и другите финансиски и економски анализи и претпоставки кои се користат во рамките на преземените мерки и активности за заштита и за унапредување на животната средина;

Законот се заснова меѓу другото и на начелото на недискриминација. Согласно Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и бравата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 25 | 1000 | Опишете ги препреките на кои се наиде при имплементацијата на Член 8. |

- Законот за животна средина е во собраниска процедура заради конечно усвојување на текстот на законот;
- Донесување на релевантниот подзаконски акт

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 26 | 500 | Обезбедете понатамошни информации за практичната примена на одредбите за учество на јавноста во областа опфатена во Член 8. |

Министерстовото за животна средина и просторно планирање, во четири области на животната средина изработи и донесе неколку закони во областа на животната средина. Наведените закони, се функција на создавање на нормативно-правни и други претпоставки за воспоставување на интегриран и ефикасен систем на мерки за управување со животната средина, на национално исто така и на локално ниво, како и во функција на асоцијативните процеси кон ЕУ и други меѓународни организации и институции со цел приближување на националното законодавство.
Министерството за животна средина и просторно планирање, со цел да обезбеди инволвирање на сите заинтересирани страни во процесот на усогласувањето на прописите кои се однесуваат на животна средина со прописите на ЕУ формираше Работни Групи за секоја област. Овие меѓуминистерски, мулти- секторски работни групи (РГ) станаа главна движечка сила за повеќето од активностите и претставуваа платформи за развивање на новото законодавство во областа на животна средина, компатибилно со законодавството на ЕУ. Составот на учесниците во РГ-и се одбрани за да се обезбеди оптимален баланс на сите засегнати страни. Членовите на РГ-и беа назаначувани по официјално барање на МЖСПП, врз основа на предлог од другите засегнати министерства, владини институции, невладини организации, јавни претпријатија и други организации. Секоја РГ се состои од основна група што ги "покренува" активностите, додека поголемата група ја обезбедуваше потребната консултација. Основните групи одржуваа состаноци редовно (во најголем број случаи еднаш неделно); поголемите групи одржуваа редовни состаноци, но на подолги интервали (најчесто еднаш месечно). Основните групи беа составени од членови на персоналот на МЖСПП и други институции и организации, а вклучуваа меѓународни и локални технички и правни експерти. Секоја РГ имаше секретаријат кој обезбедуваше комуникација во рамките и на основната, и на поголемата советодавна група, како и помеѓу нив две. Благодарејќи на таквиот пристап со РГ-и, голем број институции (како од јавниот, така и од приватниот сектор) учествуваа во спроведувањето на целта.
Во поглед на Предложените решенија, ставовите на министерството, другите министерства, институции и организации како и ставовите на консултираните меѓународни и локални технички и правни експерти, не се разидуваа. Евентуалните разлики по определени теми и можни решенија, се надминуваа на состаноците на

Работните Групи, преку комуникација, како и усогласување на интересите на секоја заинтересирана страна во процесот врз основа на концептот за одржлив развој.

Покрај тоа, беа одржани неколку координативни состаноци помеѓу РГ-и од секоја компонента, за да се усогласат резултатите помеѓу процесот на изготвување нацрт-законски документи со изготвувањето стратегии за животната средина.

На крајот на главната фаза беше организирана по една завршна Работилница за засегнатите страни (освен владините институции, на ваквите Работилници учествуваа претставници на бизнис секторот, локалната самоуправа, невладини организации и други заинтересирани приватно правни ентитети), за секој од четирите нацт-закони, а добиените коментари беа вградени во нацрт-законите.

Министерството за животна средина и просторно планирање, во рамки на проектите, настојуваше да обезбеди транспарентност преку следните форми:

- прашалници
- спроведе две истражувања на јавното мислење: квантитативна и квалитативна анкета
- организираше широки Работилници за нацрт- текстовите на законите. На овие работилници учествуваа претставници од владините и државните институции, единиците на локална самоуправа, јавни претпријатија, индустрија, корисници на природни ресурси други приватно- правни ентитети носители на обврски, невладини организации, научни и стручни организации,  а добиените валидни коментари беа вградени во нацрт-законите
- организираше работилница со членовите на релевантните комисии на Собрание на Република Македонија
- организираше регионални презентации на предлог-законите со цел да ја запознае локалната самоуправа со новите барања и нивни надлежности во предлог- законите, како и да ја запознае јавноста со предлогот за новите законски решенија. На овој начин се обезбеди учество на локалната самоуправа, како и учество на јавноста во процесот на донесување на одлуките кои директно ги засегаат.
- вклучувањето на приватниот бизнис применувајќи ја стратегиската шема за соработка, информирање и учество на јавноста. Ова особено резултираше во формирање на сојузи/мрежи градење на приватно-јавни партнерства. Во оваа смисла министерството  спроведе кампањи и тоа за:

- подигање на свеста за заштита на природата и за промовирање на законот. фокусот се постави на развојот на еко-туризам во земјата. Ова резултираше во обучување на администрацијата на националните паркови за развој на туризмот и за клучните карактеристики на новиот закон (обука за шумарите и за медиумите), со организација на конференција за координација со сите невладини организации од Македонија вклучени во заштитата на природата, и конференција за еко-туризам во Маврово. Конкретно, конференцијата за еко-туризам резултираше со востановување на мрежа која вклучува приватни претприемачи (Здружение на туристички агенции во Македонија), како и поврзани проекти од други донатори. Понатаму, се формираше “Зелено златна алијанса”, која се состоеше од речиси 100 структури од јавниот и приватниот

сектор. Овие структури се обврзаа при спроведување на своите активности да се водат од принципите на новиот Закон за заштита на природата, и да ги почитуваат принципите на модерно одржливо раководење

- за подигање на свеста за ракување со отпадот и за промовирање на законот. Од оваа кампања во соработка со приватниот сектор и локалната самоуправа произлезе тест-проект за сепарирање на отпадот во сите општини во Скопје

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 27 | 250 | Посочете релевантни web-site адреси, доколку се достапни: |

www.moepp.gov.mk
www.moe.mk

**Прашање(а) 28 до 31/Краток опис**

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 28 | 3750 | Објаснете како е имплементиран секој став од Член 9. Опишете го транспонирањето на релевантните дефиниции во Член 2 и барањето за не-дискриминација во Член 3, став 9. Исто така, конктретно опишете: (а) Во однос на став 1, мерките преземени со цел: (i) Секое лице кое смета дека неговото или нејзиното барање за информација според Член 4 не е разгледано во согласност со одредбите на тој Член да има пристап до процедурата на разгледување пред суд или друго независно и непристрасно тело основано со закон; (ii) Онаму каде што постои одредба за ваков преглед дадена од суд, истото лице исто така има пристап до експедитивната процедура воспоставена со закон, која е бесплатна или не многу скапа за разгледување од страна на властите или преглед од страна на друго независно и непристрасно тело освен судот; (iii) Конечните одлуки според овој став се обврзувачки за властите кои ги поседуваат информациите, и тие причини се наведени во писмена форма, барем онаму каде што е одбиен пристапот до информации; (б) Мерките преземени со цел во рамки на националната законска регулатива, претставниците на засегнатата јавност кои ги исполнуваат критериумите дадени во став 2 да имаат пристап до процедурата на разгледување пред суд и/или друго независно и непристрасно тело основано со закон, да ја испитаат суштинската и процедурална законитост на било која одлука, акт или пропуст кои се предмет на одредбите од Член 6; (в) Во однос на став 3, мерките преземени со цел онаму каде што ги исполнуваат критериумите (доколку такви постојат) дефинирани во националниот закон, претставниците на јавноста да имаат пристап до административните или законските процедури за испитување на актите и пропустите од стана на приватни лица и властите кои ги прекршуваат одредбите од националниот закон кои се однесуваат на животната средина; (г) Во однос на став 4, мерките преземени со цел: (i) Процедурите наведени во ставовите |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1, 2 и 3 да обезбедуваат соодветен и ефикасен правен лек; (ii) Инаку, ваквите процедури ги исполнуваат барањата од овој став; Во однос на став 5, мерките преземени со цел за јавноста да се обезбедени/дадени информации за пристап до административниот и правниот преглед. |

**Заштита на правата на поединци и организации во управна постапка**

Во Република Македонија управната постапка се спроведува согласно Законот за општа управна постапка(Службен лист на СФРЈ бр. 52/56; 10/65; 18/65; 4/77;11/78; 32/78; 9/86; 16/86; 47/86)) во рамките на органите на државната управа и Владата на Република Македонија. Имено, кога се однесува на управна постапка што ја води, како првостепен орган, орган на Единицата на локалната самоуправа или друг орган во состав на орган на државната управа, правото жалба по одлуката на првостепениот орган, се доставува до надлежното министерство од соодветната област. Додека, како првостепен орган се јавува органот на државната управа, тогаш правото на жалба се доставува до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина, што како постојано тело е формирано во рамките на Владата.

Согласно член 49 на овој Закон, странка, во управната постапка е лицето (физичко илио правно) по чие барање е поведена постапката или против кое се води постапката, или кое заради заштита на своите права или интереси има право да учествува во постапката. Странката има право на жалба против решението донесено во прв степен (член 223). Против решението донесено во второстепена постапка, или во случај на "молчење на администрација", странката има право да заведе управен спор, пред Врховниот суд на република Македонија (управниот спор се води согласно Законот за Управни спорови, Службен лист на СФРЈ бр. 4/77).

Второстепената комисија на Владата на Република Македонија која решава за акти добиени од првостепените органи, е должна да донесе решение, Согласно законот за општа управна постапка, во рок од најмногу 60 дена. По истекот на рокот, незадоволната страна од одлуката на второстепената комисија или во случај кога комисијата не дала одговор во предвидениот рок, може да покрене управен спор пред надлежниот Суд, односно пред Врховниот Суд на Република Македонија кој е надлежен за решавање на управните спорови. Истото правило се применува кога како второстепен орган се јавува Министерството за животна средина и просторно планирање.

Освен редовни правни лекови, странката може против конечно решение во управна постапка да употреби вонреден правен лек и тоа: обнова на постапката (член 250).

Со Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. __/__) се уредуваат правата и должностите на Република Македонија, на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, како и правата и должностите на правните и на физичките лица, во обезбедувањето услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина. На постапките утврдени со овој закон се применува Законот за Општа

управна постапка доколку со законот не е поинаку определено, така што странките имаат правно на редовни и вонредни правни лекови во управна постапка, како што е опишано согласно законот за Општа управна постапка и истите имаат право да заведат управен спор до Врховен Суд на Република Македонија.
Предлог Законот за животна средина, со цел да им овозможи на организациите и физичките лице пристап до правдата, ги специфицира случаите во кои здруженијата на граѓани основани заради заштита на животната средина и јавноста имаат право на жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина, со што се дава една поширока рамка на тоа кој има право на жалба од онаа што ја дава Законот за општа управна постапка, кој се применува доколку овие работи не се поинаку уредени со закон. Законот за животна средина определува право на пристап на организации и поединци до правдата заради заштита на своите права и интереси, во неколку случаи од кои може да се заклучи дека е дадено правото на жалба на лица кои согласно Законот за општа управна постапка не би имале такво право заради недостаток на правен интерес. Такви се следните случаи:

**а) Заштита на правото за пристап до информации од областа на животната средина**

Законот за животна средина определува дека Секој има право, без притоа да мора да го докажува својот интерес, од органите и правните и физичките лица кои поседуваат информации за животна средина да бара валидизирани информации и податоци што се однесуваат на животната средина(член 51(1)). Информациите за животната средина можат да бидат во посед или да се поседуваат за органите и правните и физичките лица. Субјектите кои поседуваат или за кои се поседуваат информации во врска со животната средина, се должни да обезбедат пристап до информациите за животната средина: 1. во најкраток можен рок, но не подоцна од еден месец од денот на приемот на барањето, или 2. најдоцна два месеца по приемот на барањето, доколку обемот и комплексноста на информацијата се такви што периодот од еден месец, наведен во точка 1 на овој став, не е доволен за да се комплетира документацијата. Во таков случај, подносителот на барањето се известува во што е можно пократок рок, а пред истекот на рокот од еден месец, за потребата од продолжување на рокот и се образлагаат причините поради кои е потребно продолжувањето. Субјектите кои поседуваат или за кои се поседуваат информации во врска со животната средина се должни да донесат решение за одбивање на барањето, во целост или делумно, односно заклучок во писмена форма кој треба да ги содржи причините за одбивање на барањето, како и поука за можностите за жалба по решението или по заклучокот и истите се должни да го достават решението или заклучокот во предвидените временски рокови Против решението или заклучокот за одбивање на барањето донесено од страна на орган на државна управа, барателот има право на жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина. Против решението или заклучокот за одбивање на барањето донесено од страна на органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје; правните и физичките лица на кои, во согласност со законот, им се доверени јавни овластувања, вклучувајќи и специјални должности, активности и услуги во областа на животната средина; правните и физичките лица кои, врз

основа на закон или договор, вршат дејност или услуга од јавен интерес во областа на животната средина, под надзор на органите или лицата, барателот има право на жалба до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на на живо**тната средина.**

**б). Заштита на правата во постапката за оцена на влијанијането врз животната средина**

Законот за животна средина предвидува дека засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина да имаат право на жалба против решението издадено во постапката за определување на потребата од оцена на влијанијата врз животната средина **(член 81)**,

Засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина имаат право на жалба против решението со коешто се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот за кој се бара оцена на влијанието врз животната средина до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина , и тоа во рок од 15 дена од денот објавувањето на решението **(член 89 (1))**,

Засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, согласно член 89 (2), имаат право на жалба против решението со коешто се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот за кој се бара оцена на влијанието врз животната средина до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина, и тоа во рок од 15 дена од денот објавувањето на решението доколку органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина не постапувал ги исполнил своите обврски во врска со:

- огласување на: известувањето за намерата за спроведување на проектот во два национални дневни весника и на Интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина; и решението за утврдување на потребата од оцена на влијанието врз животната средина во два национални дневни весника, на Интернет страницата, како и на огласната табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;
- објавување на: студијата за оцена на влијанието врз животната средина дека е подготвена и достапна за јавноста во два национални дневни весника, на локалната радио и ТВ-станица, а нетехничкиот извештај се објавува на Интернет страницата на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина; да го објави извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина во два национални весници и на интернет страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина; решението за одобрување или за неодобрување на реализација на проектот во два национални дневни весника, на Интернет страницата, како и на огласната табла во органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина; и на местото и времето на одржување на јавната расправа за студијата за оценка на влијанието

врз животната средина во два национални дневни весника и на локалната радио и ТВ-станица

**в). Заштита на правата во постапката за издавање на интегрирана еколошка дозвола**

Согласно Законот, во рок од 30 дена од објавувањето на решението, засегнати правни и физички лица, како и од здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина, може да поднесе жалба против решението со кое се издава А интегрирана еколошка дозвола, до комисијата за решавање во втор степен при Владата на Република Македонија (член 108(5)). Против решението со кое се издава А интегрирана еколошка дозвола единствено во однос на задолжителните услови утврдени во дозволата, а кои не биле предвидени во нацрт дозволата или за кои има забелешки кои не биле прифатени од страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, жалба може да поднесе и операторот((секое физичко или правно лице кое врши активност преку инсталацијата или ја контролира, или лице на кое му се доверени овластувања за донесување економски одлуки во однос на техничкото работење на инсталацијата). Жалбата се поднесува до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина во рок од 15 дена (член 108 (6)).

Засегнатите правни и физички лица, здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина имаат право на жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина во рок од 15 дена од објавувањето на решението за делумен или целосен пренос на А-интегрираната еколошка дозвола (член 118 став (4)). Операторот кој ја пренесува дозволата и на операторот на кој се пренесува дозволата имаат право да поднесат жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина во рок од 15 дена од приемот на решението за делумен или целосен пренос на А-интегрираната еколошка дозвола само во однос на новите задолжителни услови утврдени во дозволата.

Правото на пристап на организации и поединци до правдата заради заштита на своите права и интереси, во управна постапка, се утврдува и со посебните закони од областа на животната средина, и тоа: **Законот за квалитет на воздух** (Службен весник на РМ бр.67/2004), **Законот за заштита на природата** (Службен весник на РМ бр.67/2004); **Закон за управување со отпад** (Службен весник на РМ бр.68/2004; 71/2004); **Закон за води** (Службен весник на РМ бр.___); **Закон за бучава**(Службен весник на РМ бр.___); и други закони со кои се регулираат правата на правните и физичките лица од областа на животна средина и други права. На постапките утврдени со овие закони се применува Законот за Општа управна постапка доколку со законот не е поинаку определено, така што странките имаат правно на редовни и вонредни правни лекови во управна постапка во определени рокови и постапка, како што е опишано согласно законот за Општа управна постапка и истите имаат право да заведат управен спор до Врховен Суд на Република Македонија.

**Заштита на правата на поединци и организации во постапките пред судовите**

Правото на поединците и организациите да поведат постапка пред суд за заштита на свое право или правно заштитен интерес е утврдено со закони кои содржат материјални и процесни одредби по граѓански, кривични, или управни предмети.

Согласно **Законот за парнична постапка (член 71)** странка во постапка може да биде секое физичко и правно лице. Со посебни прописи се определува кој може да биде странка во постапката освен физички и правни лица. Парничниот суд може, по исклучок, со правно дејство во определена постапка, да им го признае својството на странка и на оние форми на здружување кои немаат способност на странка, ако утврди дека, со оглед на предметот на спорот, во суштина ги исполнуваат условите за стекнување на способност на странка, и ако располагаат со имот над кој може да се спроведе извршување.

Согласно член 16 од **Законот за кривична постапка,** Кривичната постапка се поведува по барање од приватниот тужител односно лицето чиешто некакво лично или имотно право е повредено или загрозено со кривичното дело.

**Законот за Управни спорови,** (Службен лист на СФРЈ бр. 4/77) определува дека судовите во управни спорови одлучуваат за законитоста на актите со кои органите на државна управа решаваат за правата и обврските на граѓаните и организациите (член 1). Управниот спор се поведува со тужба (член 23). Согласно член 2 на Законот, право да поведува управен спор има поединец или правно лице ако смета дека со управниот акт- донесен во втор степен, односно првостепен управен акт против кој нема место за жалба (член 7) му е повредено некакво право или непосреден личен интерес заснопван на закон. Во управен спор може да се бара и враќање на одземените предмети, како и надомест на штета што му е нанесена на тужителот со извршување на актот кој се оспорува. (член 11)

Тужител во управен спор може да биде поединец, правно лице, организација, група лица, населби и слично, што смета дека со управниот акт му е повредено некакво право или непосреден личен интерес заснован врз закон. (член 12). Трето лице на кое поништувањето на оспорениот управен акт непосредно би му било од штета (заинтересирано лице) во спорот има положба на странка. Постапката по управен спор која е окончана со пресуда или со решение, ќе се повтори на барање на странката. (член 52), доколку постои причина за повторување.

Правото на поединците и организациите да поведат постапка пред суд за заштита на свое право или правно заштитен интерес во областа на животната средина е утврдено и со **Законот за животна средина**. Согласно член 158 на овој закон, во делот за одговорност за штета предизвикана врз животната средина, правното или физичкото лице кое што е директно загрозено или трпи последици од настанатата штета врз животната средина, има право од предизвикувачот на штетата да бара: да ја врати животната средина во поранешната состојба, или надоместок за штетата, во согласност со општите правни правила за надоместок на штета.

Освен за делата од глава 22 од Кривичниот законик на Републиика Македонија, приватниот тужител може да поднесе приватна тужба до надлежен суд

за кривичните дела предвидени со посебните закони од областа на животната средина и тоа:

1. **Закон за заштита на природата** (Службен весник на РМ бр. 67/2004) како кривични дела против природата ги предвидува следните: Истребување на автохтон вид; Интродукција на диви видови во природата; реинтродукција на диви видови во природата; незаконско земање и користење на генетски и биолошки материјал; Недозволено оштетување и уништување на спелеолошки објекти; оштетување или ништување на наоѓалиште на минерали и фосили;
2. **Закон за води (**Службен весник на РМ бр.__/__**),** како кривични дела предвидува следните кривични дела: неовластено користење на вода и неовластено исцрпување на подземни води.

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 29 | 1250 | Опишете ги препреките на кои се наиде при имплементацијата на било кој од ставовите од Член 9. |

- Законот за животна средина е во собраниска процедура заради конечно усвојување на текстот на законот;
- Донесување на релевантниот подзаконски акт
- Реформи во правосудниот систем
- Одолговлекување на постапките кои резултираат со застареност на предметите
- обука и запознавање на надлежните органи за спроведување на правото на пристап до правда особено на органите на извршната власт и судската власт

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 30 | 1000 | Обезбедете понатамошни информации за практичната примена на одредбите за пристап до правдата според Член 9, пр. дали постојат достапни статистички податоци за правда во областа на животната средина и дали постојат помошни механизми за отстранување или намалување на финансиските или другите бариери до пристапот до правдата? |

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 31 | 250 | Посочете релевантни web-site адреси, доколку се достапни: |

**Прашање(а) 32 до 32/Краток опис**

| | | |
|---|---|---|
| Прашање 32 | 1500 | Доколку е соодветно, посочете како имплементацијата на Конвенцијата придонесува кон заштитата на правото на секое лице од сегашните и идните генерации да живее во животна средина |

| | | |
|---|---|---|
| | | која е соодветна за неговото или нејзиното здравје и добробит. |